ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 28 ДАТА 18.07.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 28 ДАТА 18.07.2018 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЛАЧКОВИЦА„ Радовиш: Трајковски Б. Горан од ФК „Силекс АД„ од Кратово, Варадиновски З. Иван од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, Рафески Љ. Валентино и Ѓурчиновски Г. Никола од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ од Скопје, по член 35/3.

**Дополнување на седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Чубраковиќ Душан од ФК „Слобода„ од Ужице–Србија за Фудбалскиот клуб „Академија Панев АД„ од Струмица, по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и негивот прфесионален договор во времетраење од 1 (една) година)

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Дополнување на документација од**
**Седница од 03.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Мбелла А. Еммануел од ФК „Ѓилани„ од Р. Косово, по чл. 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Мбелла А. Еммануел склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2020 година.

**Седница од 16.07.2018 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Антонио Маркос С. Де Оливеира Јуниор го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кратово фудбалерот Маркос С. Де Оливеира Јуниор, Бујчевски Р. Антонио, Филиповски В. Кристијан, Николовски Н. Тодор, Глигоров И. Глигор, Гуцев И. Благој од ФК „Силекс АД„ од Кратово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Ристовски Т. Филип од ФК „Јавор„ од Р. Србија, Коцев П. Стефан од ФК „Лирија„ од Р. Косово, по член 35/11.
Петковски Кристијан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Љамчевски Љ. Петар од ФК „Пелистер АД„ Битола, Миленковски П.Филип од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Гроздановкси В. Христијан од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар и Додев Т. Дарко од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, по член 35/3.
Десниќ Ж. Дарио од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по член 35/10.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ Кратово и фудбалерите: Филип Т. Ристовски, Филип П. Миленковски и Петар Љ. Љамчевски склучија договори во времтраење од по 1 (една) година.

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерите: Христијан Гроздановски, Стефан Коцев и Десниќ Дарио, склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Стефановиќ С. Спасоје од ФК „Лирија„ од Р. Косово за ФК „Силекс АД„ од Кратово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор со ФК „Силекс АД„ од Кратово во времетраење од 2 (две) години.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВОЛКОВО 1964„ Скопје: Адеми И. Убејд, Димишковски Т. Георгиј, Јовановски Д. Антонио, Каратрајков А. Димитар, Трајковски Т. Марко, Арсовски З. Матеј, Мифтари Б. Ердуан, Поповски И. Никола, Чокиќ Д. Мартин, Дамјан Б. Каевски, Неделковски И. Матеј, Крстевски З. Валентино, Димитар З. Петрушевски, Каевски Б. Никола, Ѓорѓиевски В. Лука, по член 35/1.

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Фета Р. Бехар од ФК „Фортуна 2008„ од Скопје, по чл. 35/3.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Јовановски Љ. Марко од ФК „Сепси„ од Р. Романија и Стојановски Т. Филип од ФК „Раднички„ од Пирот од Р. Србија за ФК „Силекс АД„ од Кратово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори на Јовановски Марко во времетрае од 6 месеци, а на Стојановски Филип 1 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ДРАГОН 2014„ Скопје: Игнатовска С. Викторија од ЖФК „Кочани„ од Кочани, по член 35/3.

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб „Кидс„ од Скопје, согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 7277865. Се задолжува ФК „Кидс„ од Скопје во рок од 30 дена да достави решение од Агенцијата за млади и спорт за вршење дејност спорт-фудбал.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденцвија на регистриани фудбалери при ОФС „Кисела Вода„ од Скопје фудбалерите: Соколовски Б. Филип од ФК „Винер спорт„ од Скопје, Дураковиќ Р. Мирза од ФК „Еуромилкк ГЛ АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 17.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ Скопје фудбалерите: Пеев Лазар од ФК „Локомотива Б.„ Скопје, Пецов Христијан, Десниќ Дарио, Стефановиќ Спасоје од ФК „Скопје АД„ од Скопје, Илиевски М. Марио од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Фета Бехар, Алији Сали од ФК „Фортуна 2009„ од н. Ченто-Скопје, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК "ТИКВЕШ 1930,, Кавадарци: Дигаловски Н. Дарко и Чаволи А. Андријан од ФК „Еуромилк ГЛ АД,, од Скопје, Игески М. Александар од ФК „Осогово,, од Кочани и Димовски О. Борче од ФК „Металург АД,, од Скопје, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци, фудбалерите Лукаревски А. Димитар, Симонов З. Симеон, Вареловски Д. Никола и Додев Дарко од ГФК „Тиквеш 1930,, од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТУДЕНА ВОДА,, с. Доброшане: Златковски Кристијан од ФК „Карпош 93,, Куманово, по член 35/10.

ФК „ГОБЛЕН ЈУНИОР,, Куманово: Исуфи Абдулмеџит, Ахмети Газмир од ФК „Еуромиклк ГЛ АД,, од Скопје, Пајазит Гентиан и Ќаили Ељмедин од ФК „Милано,, од Куманово, по член 35/3.

ФК „РЕЧИЦА,, с. Речица: Стојановски Димитар, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Јаији Арбнор од ФК „Еуромилк ГЛ АД,, Скопје за ФК „Гоблен Јуниор,, Куманово по чл. 35/3 бидејќи нема доставено исписница од клубот од каде што доаѓа.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 17.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПАРТИЗАН,, с. Обршани: Мискоски З. Филип, Бозароски Г. Леонид, Гаралоски Б. Александар, Стомнароски З. Петар, Дрлески Г. Бојан, Фејзулоски Ј. Алмир, Ѓорески Б. Ѓорѓи, Шипинкоски Г. Филип, Шипинкоски Љ. Стефан, Мартин М. Мискоски, Велески И. Радислав, Мискоски Т. Дино и Блажески З. Иван, по член 35/1.

ФК „ПОБЕДА АД,, Прилеп: Маркоски А. Ристе и Драгарски П. Христијан од ФК „Пелистер АД,, од Битола, по член 35/3.

- **Поништување на исписници и брисовници:**

Се поништува исписницата издадена од ФК „Победа АД,, Прилеп и Брисовницата издадена од ОФС Прилеп на фудбалерот Јусуфовски С. Мехмедали од 04.2.2017 година и фудбалерот си останува член на ФК „Победа АД,, од Прилеп.

Се поништува исписницата издадена од ФК „Победа АД,, од Прилеп и брисовницата издадена од ОФС Прилеп на фудбалерот Свртиновкси Е. Христијан од 04.07.2018 година и истиот си останува член на ФК „Победа АД,, од Прилеп.

Се поништува исписницата издадена од ФК „Партизан„ од с. Обршани и брисовницата издадена од ОФС Прилеп на фудбалерот Ефтинџиоски Р. Горан од 04.07.2018 година и фудбалерот си останува член на ФК „Обршани„ од с. Обршани.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на Спиркоски И. Динко од ФК „Интер Запрешиќ од Р. Хрватска за ФК „Победа АД„ од Прилеп по член 35/11, бидејќи на професионалниот договор нема М1 и М2, на 2 години.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Мустафов Д. Бурхан од ФК „Теута„ од Драч, Р. Албанија за ФК „Победа АД„ од Прилеп по член 35/11. бидејќи нема професионален договор.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 16.07.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФЛАМУРТАРИ„ С. Радолишта: Етеми Етем, Етеми Бетим од ФК „Лирија„ чл.35/3.
ФК „ВЛАЗНИМИ„ Струга. Арслани Едмонд од ФК „Кораби„ од Дебар, по чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 16.07.2018 година**

❖ **Регистраціа на фудбалери:**

ФК „ВРАПЧИШТЕ 1958„ с. Врапчиште: Бајрами Џ. Хадис, Зубери Р. Енес, Штин В. Мухамед, Исмаили Т. Илхам, Салији Ѓ. Месут, Реџепуи Ш. Даут, Хасипи В. Ефе, Мемети Е. Емиран, Салији З. Рефет, Хасипи М. Хасип, Алијевиќ С. Јусуф, Решити М. Енес, Сефери А. Кренар, Касап Ѓ. Тајип, Алији М. Јасин, Фејзулаи Ј. Бешир, Ибраими Е. Вели, Беќири Ш. Акив, Халими Е. Берат, Фејзулаи Ј. Ефе, Ибраими Ш. Шаќир од ФК „Врапчиште„ од с. Врапчиште и Челик Н. Руфат од ФК „Генчкалемлерспорт„ по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Гостивар фудбалерот Грозданоски В. Христијан од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 11.07.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „КАМЕНИЦА САСА„ М. Каменица: Стојкоска М. Ели, Левкова Т. Ивана, Миткова Д. Симона, по член 35/1.
Димитрова И. Љупка од ЖФК „Тиверија„ Струмица, по член 35/3.
Талчевсла В. Мила од ЖФК „Атлетико„ од Битола, по чл. 35/2.

❖ **Бришење од регистер:**

Се Бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кочани фудбалерката Игантовска Викторија од ЖФК „Кочани„ Кочани и Синадинов Андреј од ФК „Фудбал Старс„ Кочани поради преминување со регистрација во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 17.07.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Сали Н. Булент од ФК „Фудбал Старс„ од Кочани по член 35/3.

ФК „КИТ ГО-ПЕХЧЕВО„ Штип: Чабуковски Ѓ. Мартин, по член 35/1.
Валмарски В.Петар, Зифовски М.Борис, Зогравски Б.Стефан, Цикарски Б. Јордан, од ФК „Малеш„Берово, Неделковски В. Филип од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, Ристевски М. Никола од ФК „Борец 1919„ од Велес, по член 35/3.
Спенцароски Д. Давид од од ФК „Секулов„ од Струмица, по чл. 35/2.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Кит Го Пехчево„ од Штип и фудбалерите: Владимир И. Дујовски, Андреј Ѓ. Симевски и Мартин В. Стојанов склучија договори за вработување на фудбалери за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 4 (четири) години до Летниот преоден рок 2022 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 17.07.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Пеев В. Лазар од ФК „Локомотива Б.„ од Скопје, Костадинов Ж. Никола од ГФК „Осогово„ од Кочани и Скендери М. Емир од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, по член 35/3.

ФК „МИРАВЦИ 2018„ с. Миравци: Петров Н. Лазар и Марковски З. Димитар, чл. 35/1.

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран: Петрушевска Љ. Кристина и Николовска А. Кристина од ЖФК „Борец„ Велес, Тасева Љ. Симона и Мицкоска Р. Ана од ЖФК „Атлетико„ од Битола, по член 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 17.07.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Пејовски Д. Стефан, Пасков П. Иван, Коруновски С. Дарко, Стојановски З. Дамјан, Богдановски Љ. Мартин, Неделковски С.Стефан, Велјановски Г.Дарко, Гулабовски И.Мартин, Јонузи С.Анес Савески К. Михаил и Мустафовски Н. Леонид од ФК „ЛГ Спорт„ од Битола, Дамчевски М. Андреј од ФК „Форца Спорт„ од Битола и Павловски Г. Антонио од ФК „Атлетико„ од Битола, по член 35/3.

❖ **Склучување на професионален договор:**

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Илиевски Т. Бојан склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Китановски Н. Кристијан и од Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ Битола, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

### Седница од 12.07.2018 година

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Асани М. Шпенд го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

### Седница од 13.07.2018 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Цепчиште: Бекири С. Илбер од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, по член 35/3.

Максути А. Миран од ФК „Кек Обилиќ„ од Р.Косово, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Максути А. Миран склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Зука Фисник од ФК „Фламуртари„ од Валона, Р. Албанија, Рамадани Р. Емран од ФК „Партизани„ од Тирана од Р. Албанија и Пантовиќ В. Никола од ФК „Золноки Мав„ од Золнок од Р. Унгарија, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори во времетраење од по 1 година.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1323/1 од 29.05.2018 година против ФК Шкендија АД Тетово,поради недолично однесување према националната химна на Р.Македонија и извикување на слогани со навредлива содржина и на национална основа во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот во рамки на Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово,поведе постапка на 31.05 .2018,по што на ден 04.07.2018 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. ФК Шкендија АД од Тетово СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 1000 (илјада) Евра врз основа на член 36 став 1 и 3 од ДП на ФФМ, поради недолично однесување према националната химна на Р.Македонија и извикување на слогани со навредлива содржина и на национална основа во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот во рамки на Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Шкендија АД од Тетово по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.
3. Одлуката да се достави до пријавениот.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1323/1 од 29.05.2018 година против ФК Шкендија АД од Тетово, поради недолично однесување према националната химна на Р.Македонија и извикување на слогани со навредлива содржина и на национална основа во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот во рамки на Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово, поведе дисциплинска постапка.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 23.05.2018 година во Струмица, одигран е Финалниот натпревар на купот на Македонија помеѓу ФК Пелистер АД од Битола и ФК Шкендија АД од Тетово. Од самиот почеток на натпреварот помеѓу навивачките групи и подржувачите на двете екипи, имало некоректно навивање, на начин што истите во текот на целиот натпревар извкувале слогани со навредли содржина на национална основа. од страна на подржувачите на ФК Пелистер АД од Битола. Поради настаната тензија помеѓу двете навивачки групи, во координација со претстваниците на МВР, претставници на комисијата за безбедност на полувремето е одржан состанок

накризниот штаб на натпреварот, на кој е донесен заклчок дека доколку ситуацијата не се смири ќе се побара од полицијата и обезедувањето на стадионот празнење на трибините каде се сместени навиачите на двата клуба. Официјалниот спикер на натпреварот преку јавниот разглас во неколку наврати се обрати со предупредување до навивачите за последиците доколку не се престане со некоректното навивање. Исто така со цел да не дојде до празнење на трибините, капитените на двете екипи како и комесарите за безбедност на двата клуба се упатиле до трибините каде се наоѓале нивните навивачи со молба да се воздржат од неспортско однесување.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 став 1 и 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување“ , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

ФК Шкендија АД Тетово
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Деловоден број 0801- 1323/3

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1324/1 од 29.05.2018 година против ФК Пелистер АД Битола,поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на првото полувреме од Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово,поведе постапка на 31.05 .2018,по што на ден 04.07.2018 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. ФК Пелистер АД од Битола СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 1000 (илјада) Евра врз основа на член 36 став 1 и 3 од ДП на ФФМ, поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на првото полувреме од Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Пелистер АД од Битола по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

2. Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1324/1 од 29.05.2018 година против ФК Пелистер АД од Битола, поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на првиот дел од Финалето на купот на Македонија одигран во Струмица на 23.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкендија АД Тетово поведе дисциплинска постапка.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 23.05.2018 година во Струмица, одигран е Финалниот натпревар на купот на Македонија помеѓу ФК Пелистер АД од Битола и ФК Шкендија АД од Тетово. Од самиот почеток на натпреварот помеѓу навивачките групи и подржувачите на двете екипи,имало некоректно навивање на начин што истите во текот на целиот натпревар извикувале слогани со навредлива содржина на национална основа,од страна на подржувачите на ФК Пелистер АД од Битола.Поради настанатата тензија помеѓу двете навивачки групи,во координација со преставниците на МВР,Преставници на комисијата за безбедност на полувремето е одржан состанок на кризниот штаб на натпреварот,на кој е донесен заклучок дека доколку ситуацијата не се смири ке се побара од полицијата и обезбедувањето на стадионот празнење на

трибините каде се сместени навивачите на двата клуба.Официјалниот спикер на натпреварот преку јавниот разглас во неколку наврати се обрати со предупредување до навивачите за последиците доколку не се престане со некоректното навивање. Исото така со цел да не се дојде до празнење на трибините,капитените на двете екипи како и комесарите за безбедност на двата клуба се упатиле до трибините каде се наоѓале нивните навивачи со молба дасе воздржат од неспортско однесување.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 став 1 и 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување“ , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА · FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA · СКОПЈЕ · SKOPJE

**ДН:**

ФК Пелистер АД Битола
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Деловоден број 0801- 1324/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1230/3
04-07 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1230/1 од 15.05.2018 година против ГФК Гостивар АД од Гостивар,поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот одигран во рамки на 26 коло од Втората МФЛ Запад одигран на ден 12.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД,поведе постапка на 17.05 .2018,по што на ден 04.07.2018 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. ГФК Гостивар од Гостивар СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 500 (петсто) Евра врз основа на член 51 став 1, а врз член 36 став 1 од ДП на ФФМ, поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот одигран во рамки на 26 коло од Втората МФЛ Запад одигран на ден 12.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** КФГ Гостивар АД од Гостивар по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

2. Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1230/1 од 15.05.2018 година против ГФК Гостивар АД од Гостивар, поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот во текот на натпреварот одигран во рамки на 26 коло од Втората МФЛ Запад одигран на ден 12.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД, поведе дисциплинска постапка.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 12.05.2018 година во Кичево, одигран е натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 од Кичево и КФГ Гостивар АД од Гостивар. Во текот на натпреварот подржувачите на КФГ Гостивар АД од Гостивар навивале неспортски и извикувале пароли со навредлива содржина,дополнително по завршување на натпреварот службените лица од клубот недолично се однесувале кон службените лица на натпреварот.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото

одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување" , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

КФГ Гостивар АД Гостивар
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0801-1357/3 04.07 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1357/1 од 04.06.2018 година против ФК Борец од Велес,поради употреба на пиротехнички средства во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес,врз основа на член 51 став 1 и 6 од ДП на ФФМ,поведе постапка на 04.06 .2018,по што на ден 04.07.2018 ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. ФК Борец 1919 од Велес СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 300 (триста) Евра врз основа на член 51 став 1 и 6, од ДП на ФФМ, поради употреба на пиротехнички средства во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Борец 1919 од Велес по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се достави до пријавениот.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1357/1 од 04.06.2018 година против ФК Борец 1919 од Велес, поради употреба на пиротехнички средства во неколку наврати од страна на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес, поведе дисциплинска постапка.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 02.06.2018 година во Струмица, одигран е натпреварот помеѓу ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец од Велес. Во 55 минута од натпреварот навивачката група на ФК Борец 1919 од Велес употребила пиротехнички средста на теренот.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување“ , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за

однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

ФК Борец 1919 Велес
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1358/3
04.07 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1358/1 од 04.06.2018 година против ФК Победа АД од Прилеп,поради неспортско однесување-вулгарно скандирање на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес,врз основа на член 36 став 1 и 3 од ДП на ФФМ,поведе постапка на 04.06 .2018,по што на ден 04.07.2018 ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. ФК Победа АД од Прилеп СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 500 (петсто) Евра врз основа на член 36 став 1и 3, од ДП на ФФМ, поради неспортско однесување-вулгарно скандирање на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Победа АД од Прилеп по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

### Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1358/1 од 04.06.2018 година против ФК Победа АД од Прилеп,поради неспортско однесување-вулгарно скандирање на навивачката група на клубот во текот на бараж натпреварот за Прва МФЛ одигран на ден 02.06.2018 година помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец 1919 Велес, поведе дисциплинска постапка.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 02.06.2018 година во Струмица, одигран е натпреварот помеѓу ФК Победа АД Прилеп и ФК Борец од Велес. Во текот на натпреварот навивачката група на ФК Победа АД од Прилеп неспортски навивала против ФФМ.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 став 1и 3, казнива по член 38 став 1 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување" , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,

кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

ФК ПобедаАД Прилеп
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Дисциплинска Комисија

0801-588/2
27.04.18

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Дејан Бошков-член и Сашка Зердеска- член, постапувајки по пријавата на Судиска комисија на ФФМ бр. 08-588/1 од 02.03.2018 година **против Тоше Ицев, помошник судија и Илија Недески**, конторлор, поради сомневање дека на ден 7 Февруари 2018 година, неовластено и без одобрение на Судиската комисија на ФФМ, суделе пријателски меѓународен натпревар помеѓу екипите на ФК Домжале И ФК Земун, врз основа на член 85 став 1 алинеа 6 и 8 од ДП на ФФМ поведоа постапка на ден 17.04.2018 година, по што на 27.04.2018 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Тоше Ицев,** помошник судија во рамки на судиската организација на Фудбалската Федерација на Македонија, поради сторен прекршок занемарување на обврски од член 85 став 1 алинеа 6 и 8 му се **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана за вршење функција во траење од 4 (четири) месеци.**

2. На **Илија Недески**, конторлор во рамки на судиската организација на Фудбалската Федерација на Македонија, поради сторен прекршок занемарување на обврски од член 85 став 1 алинеа 6 и 8 му се **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана за вршење функција во траење од 4 (четири) месеци**

3. Дисциплинските мерки од точка 1 и 2 на оваа одлука течат од 27.04.2018 година.

4. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. на Судиска комисија на ФФМ бр. 08-588/1 од 02.03.2018 година против Тоше Ицев, помошник судија и Илија Недески, конторлор, поради сомневање дека на ден 7 Февруари 2018 година, неовластено и без одобрение на Судиската комисија на ФФМ, суделе пријателски меѓународен натпревар помеѓу екипите на ФК Домжале И ФК Земун, врз основа на член 85 став 1 алинеа 6 и 8 од ДП на ФФМ поведоа постапка на ден 17.04.2018 година.

Пријавените благовремено доставија изјава до Дисциплинската комисија на ФФМ. Во изјавата на Тоше Ицев е наведено дека на ден 07.02.2018 година судел тренинг натпревар помеѓу ДОМЗАЛЕ – ЗЕМУН во Умаг, Р. Хрватска и дека по враќањето од Умаг бил предаден на дисциплинкска постапка од страна на судиската комисија. Во изјавата Илија Недески, наведува дека на ден 07.02.2018 година судел тренинг натпревар помеѓу ДОМЗАЛЕ – ЗЕМУН во Умаг, Р. Хрватска и дека по враќањето од Умаг бил предаден на дисциплинкска постапка од страна на судиската комисија.

Комисијата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од судиска комисија, изјава од Тоше Ицев и изјава од Илија Недески, по што ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 7 Февруари 2018 година, во Република Хрватска е одигран тренинг натпревар помеѓу екипите ФК Домжале И ФК Земун. Пријавените Тоше Ицев и Илија Недески го суделе овој натпревар. Двајцата пријавени се дел од судиската организација на Фудбалската Федерација на Македонија, и тоа Тоше Ицев е фудбалски судија на единствената листа на ФФМ, додека Илија Недески е контролор. Пријавените по добивање на покана да судат натпревар надвор од државата, пропуштиле за истото да го известат Судискиот одбор за натпреварот и нивното учество на истиот и за тоа да побараат одобрување од страна на судискиот одбор.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавените сториле прекршок од член 85 став 1 алинеа 6 и 8 од ДП на ФФМ.

Деловоден број 0801- 588/2

Дисциплинска Комисија

Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежителни околности кои постојат во конкретниот случај а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок, степенот на одговорност на сторителот, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**Тоше Ицев**
**Илија Недески**
**Судиска и натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 588/2

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-1429/1-2

Регионална Пионерска Лига Исток: 2017 - 2018

Скопје: 08.06.2018 Година

Врз основа на член 57 и 59 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 08.06.2018 година донесе:

## ОДЛУКА

1. **Ф.К.АКАДЕМИЈА ПОСТОЛОВ**-Штип се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Казната тече од 08.06.2018 година.
3. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник ја казнува екипата на Ф.К.Академија Постолов поради не неодигрување и недопатување на првенствен натпревар од 22-то коло во Регионална Пионерска Лига Исток против Ф.К.Кожув Гевгелија во Гевгелија кој требаше да се одигра на ден 27.05.2018 година.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

Ф.К.Академија Постолов-Штип

Сметководството на ФФМ

Архива

Мак Фудбал

Дисциплинска Комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-1429/1-3

Регионална Помлада Пионерска Лига Исток: 2017 - 2018

Скопје: 08.06.2018 Година

Врз основа на член 57 и 59 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 08.06.2018 година донесе:

## ОДЛУКА

1. **Ф.К.АКАДЕМИЈА ПОСТОЛОВ**-Штип се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Казната тече од 08.06.2018 година.

3. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник ја казнува екипата на Ф.К.Академија Постолов поради не неодигрување и недопатување на првенствен натпревар од 22-то коло во Регионална Помлада Пионерска Лига Исток против Ф.К.Кожув Гевгелија во Гевгелија кој требаше да се одигра на ден 27.05.2018 година.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

Ф.К.Академија Постолов-Штип

Сметководството на ФФМ

Архива

Мак Фудбал

Дисциплинска Комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**